


**СНЕГУЛКИТЕ:** Не тагувајте, ќе го добиете подарокот, само малку подоцна.

*Ете така дечиња. Се случи ова во еден убав декемвриски ден. Во блиската шумичка, кај рекичката. Каде што имаше една пештера од која се слушаше како мечињата слатко спијат. Наслушнете, ако не ми верувате.*

*Сега, довидувањеее!*



*Си било едно мече кое не сакало да спие. Решило да остане будно и да го прими подарокот од Дедо Мраз лично.*

**СЕСТРА МЕЧЕ:** Мамо, мамо, бато уште не е заспан.

**МЕДО:** Е неќам, неќам, неќам... Нема да спијам.

**МАМА МЕЧКА:** Ама мило мое мече (се прозева). Ајде веќе е доцна. Сите спијат. Ајде мече мое мало, ајде да спиеш!

**МЕДО:** Не, не и не. Не ми се спие, види надвор снегулките како убаво паѓаат. Лееееле колку има снег. Ајде даде да си поиграме, да правиме снешко (ја молкни сестричката). Еј ене го Зајко и Верверичката.

**СЕСТРА МЕЧЕ:** (се прозева) Бато бе, ајде да спиеме, ајде.

**ЗАЈКО**: Ајде Медо, ајде да правиме снешко. Земи само морков.

**ЗАЈКА:** Морков, и уште еден, два, два моркови.

**ВЕРВЕРИЧКА ВЕРЕ:** Хм, земи морков, ама сте паметни. За да ги изгрицкате, ве знам јас вас. Што не му речете да земе лешници, бадеми, оревчиња, а? Што не му речете да земе тоа?

**ЗАЈКО:** Аха, па после ти да грицкаш.

**ЗАЈКА:** А моево меше да биде празно.

**ЗАЈКО:** И моето?

**ЛИСА:** Дечишта мали, ај остајте го мечето, гледате мака мачат да го заспијат, вие си играте со него.



**ЗАЈКО:** Е си играме де, што има лошо во тоа? Не му се спие и готово.
**ЗАЈКА:** Па морало да се спие секоја вечер.
**ВЕРВЕРИЧКА ВЕРЕ:** Да, не му се спие. Ти ај бегај од тука, не си играме со тебе.
**ЛИСА:** (им се криви и си заминува)
**МЕДО:** Ајде другарчиња да си играме, еве и морков и оревчиња, ама ветете ми дека нема да ги изедете. Заколнете се.
**ЗАЈКО И ВЕРВЕРИЧКА ВЕРЕ:** (ги прекрстуваат прстите и се колнат). Ветуваме!
**МЕДО:** Ајде да одиме кај она дрво, таму има најмногу снег. Таму ќе го направиме снешкото.





**ПОМОШНИКОТ:** (гледа на таблетот). Според папката: Шумски животни, Мечето посакало за Нова Година да добие количе со четири тркалца. Еве го подарокот.
**ДЕДО МРАЗ**: Еве Мече, ова е тоа што ти го посака.
**МЕДО:** Леле, фала многу Дедо Мраз. Јас посакав две работи: количе и да те видам тебе. И двете ми се исполнијаааа.
**МАМА МЕЧКА:** Ви благодариме Снегулки, (се прозева) време е малку да отспиеме, довидување!!
**СИТЕ:** Довидување!! Лека зима!!!
**ЗАЈКО:** А мојот подарок?
**ЗАЈКА:** А мојот?
**ВЕРВЕРИЧКА ВЕРЕ:** А мојот?
**ЛИСА:** Не гледам дека се прозевате. Подароци им се даваат само на спанковци.
**ПОМОШНИКОТ:** Вие, да проверам (гледа на таблетот), аха. Па ќе почекате уште некоја недела. Довидување!!!
**ДЕДО МРАЗ:** Довидувањеее.





**ТАТО МЕЧКА:** Вааааа. Ајде синко да спиеш. Ова на ништо не личи веќе. (се прозева). Ни се спие. Додека е веков и како што денот се влече, не сум видел јас никаде вакво мече.
**МАМА МЕЧКА**: Ајде синче, ајде мило. Песничка приспивна ќе ти пее мама. Сестричето веќе ти заспа, ене. Ајде мило, топло креветче те чека.
**МЕДО:** Е неќам, неќам, неќам. Дур не го видам Дедо Мраз и количето што си го посакав, не легнувам. Не легнувам и точка.
**ТАТО МЕЧКА:** А тато да ти го купи количето, па да си легнеме?
**МАМА МЕЧКА:** Со батерии, само вози.
**МЕДО:** Не, не и не. Сакам Дедо Мраз да ми го даде.
**ДЕДО МРАЗ:** Добар ден Мечки. Уште не сте заспале?
**МАМА МЕЧКА**: Еее Дедо Мраз.
**ТАТО МЕЧКА:** Зар дојде Нова Година, оооо кутриот јас, како ќе издржам на пролет, ич не си поспав.
**ДЕДО МРАЗ:** Не тато Медо, не е Нова Година. Снегулките виделе дека малото мече не сака да спие, па ми јавија да дојдам малку порано. И еве ме. Помошнику?!





**СНЕГУЛКА 1:** Ене ги дечињата, си играат во снегот. Колку се убави.
**СНЕГУЛКА 2:** Да, прекрасни се. Ајде да им се доближиме, да ги скокотнеме по носињата.
**СНЕГУЛКА 3:** Што е она, она во средината?
**СИТЕ:** Меееече?
**СНЕГУЛКА 1:** Што прави мече во овој зимски ден?
**СНЕГУЛКА 2:** Како што прави сестричке, ене го, си прави снешко.

**СНЕГУЛКА 3:** Ама даде, тој е мечка, треба да спие...Леле што да направиме сестрички мили?
**ЛИСА:** Што ве гледам чудни. Се знае, пратете му порака на вибер на Дедо Мраз, да дојде веднаш, нека му го даде на Мечево подарокот, и готово, ќе си го отвори, ќе се израдува и слатко ќе си заспие.
**СНЕГУЛКА 1:** Е бре Лисо, не за џабе си ти лисица - итрица. Имаш право. Ајде Снеже, дај телефонот.
**СНЕГУЛКА 2:** Ау, ми се истрошила батеријата.
**СНЕГУЛКА 3:** Еве мојот (*го бара во џебовите*), само немам интернет. Да не го знаеш Лисо мобилниот од Дедо Мраз?
**ЛИСА: Не, не го знам.**
*Дечиња сега гласно викајте, да може да чуе Дедо Мраз и да појде во шумичката. Викајте: Дедо Мраааaз!!!*





**ДЕДО МРАЗ:** А бе, што сте се развикале? Ќе разбудете некоја мечка. Што не титните, ќе ви јавам веднаш.
**СНЕГУЛКА 1:** Дедо Мраз, имаме еден проблем.
**ДЕДО МРАЗ:** Не можете да се одлучите што да ви подарам оваа година?
**СНЕГУЛКА 2:** Не не не, јас си знам.. Сакам кукла што вика: мама, мама.
**СНЕГУЛКА 3:** Не Дедо Мраз, има во шумава едно мече кое не сака да спие. Решило да остане будно сѐ додека не те види тебе и не го добие подарокот - лично.
**СНЕГУЛКА 1:** Неговите родители се многу лути.
**СНЕГУЛКА 2:** И сонливи се, им се спие, многу им се спие...
**ДЕДО МРАЗ**: Ааа, во тоа било работата. Па ајде тогаш да му се јавам на мојот помошник. Помошнику мој драг, ајде види во компјутерот, што сака за Нова Година Шумското Мече? Аха, ајде, земи го подарокот и донеси ми го. Ама знам дека е рано, реков донеси ми го. Ајде дојдете со мене, само што не дошол, рече да чекаме кај она дрво онаму.

